**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Дванаесеттата седница на**
**Собранието на**
**Република Македонија,**
**одржана на 23 февруари 1999 година**

Седницата се одржа во Владата на Република Македонија Големата сала со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, ја отворам Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Чифлиганец и Илија Георгиев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Според тоа констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

Согласно член 85 став 1 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Републиката има обврска најмалку еднаш годишно да му се обрати на Собранието на Република Македонија за работи од неговата надлежност.

Со оглед дека ова е редовна седница, после неговото обраќање доколку некој почувствува потреба да земе збор, и ќе му биде дадено.

Според тоа во согласност со член 85 став 1, го молам претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров да се обрати на пратениците.

Има збор претседателот на Републиката, господинот Киро Глигоров.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Господине претседател, почитувани дами и господа пратеници,

Ова мое обраќање до Вас има своја мала предисторија. Преписката меѓу мене и претседателот на Собранието на Република Македонија во врска со моето барање за обраќање пред пратениците трае од 28 јануари, кога по најавата во печатот дека е потпишано заедничко коменике за воспоставување дипломатски односи со провинцијата Тајван, побарав од господинот Климовски да се обратам пред пратениците наредниот ден, на 29 јануари. Ке спомнам само накратко зошто беше моето барање да Ви се обратам веќе наредниот ден. Прво тоа беше условено од нејасната ситуација во воспоставувањето дипломатски односи со Тајван. Сакав да го искажам својот став, чувствував за тоа потреба и одговорност, како и да укажам на Владата на погрешните чекори што ги презема во таа насока и да се обидам, ако можам, да инсистирам на принципите и на процедурата. Не ми беше намера да го ставам Собранието помеѓу двата дела на дизвршната власт, претседателот на државата и Владата. Оттука, итноста беше неопходна.

Второ, имав предвид дека согласно Уставот на Република Македонија, Собранието е во постојано заседание, па и оттука ми беа и се уште ми се неразбирливи инсистирашата дека за закажување на таква седница е потребно време, консултации со повеќе фактори, а уште помалку ми е прифатливо барањето, претседателот на државата претходно да му ја соопшти темата за која лсака да говори, на претседателот на Собранието. Тоа мое барање се реализира дури денес. И ситуацијата и нештата од тогаш до денес се значајно изменети. Можеби тоа и беше намерата да се одложи моето обраќање, дури откако со одлука на Владата ќе биде потврдено она што министерот за надворешни работи Александар Димитров, како нелегален чин го направи во Тајван.

Сепак чувствувам и денес должност и одговорност своето

мислење за она што, според мене се витални државни интереси на Република Македонија да го кажам таму каде што претседателот согласно Уставот ги изнесува своите ставови во однос на прашања од негова надлежнос а тоа е пред Вас, во Собранието на Република Македонија. Иако, се разбира, мојот став во однос на ова прашање и го соопштив на јавноста преку директно обраќање до неа, кога веќе не ми беше овозможено после неколку обиди, тоа да го направам тогаш и таму каде што побарав.

Но, би сакал тоа да го оставиме зад нас, како една непријатна епизода и не би зборувал повеќе за тоа, иако станува збор за флагрантно кршење на правото на претседателот што го има, согласно нашиот Устав. Се надевам дека вакви ситуации за кои својот збор можат да го кажат и надлежните судски инстанци, нема да се повторуваат односно дека претседателот на државата нема да биде оневозможуван да ги остварува своите уставнио функции спрема Собранието и спрема пратениците. Потребно е да извлечеме поука, секоја институција да си ги врши своите функции онака како што

налагаат Уставот и законите, да не се оневозможуваат во сопственото работење една со друга, за да ја оствруваме сосптвената работа онака како што тоа е пропидаано, но и како што ни налага сопствената чест и достоинство, а во интерес на оние на кои им одговараме, граѓаните.

Владата на Република Македонија со одлуката од 8 февруари го потврди она што го означив како нелегален и нелегитимен чин воспоставување на дипломатски односи со Тајван. Но, дали со тоа овој случај е затворен? За тоа би сакал да кажам неколку збора.

Со својата одлука Владата презеде правни обврски спротивни на оние што нашата држава веќе ги има во меѓународните организации, во Обединетите Нации во меѓународните односи, посебно во билатералните односи со Народна Република Кина. На денот на носењето на одлуката, па и по усвојувањето од страна на Собранието на Информацијата од Владата во врска со ова прашање, настана судир и правнѕ конфузија за она што е во сила а што не е во внатрешниот правен поредок на Република Македонија и соодветно во нејзините меѓународни правни обврски. Тоа настана од неколку причини:

- Неспорно е при тоа да кажам дека Владата на Република Македонија согласно член 91 алинеја 9 од Уствот на Република Македонија воспоставува дипломатски односи со други држави. Во овој случај не станува збор за друга држава. Станува збор за дел од државна територија над која суверенитетот го има Народна Република Кина. Тоа е потвредено со Резолуцијата 2758 на Генералното Собрание на Обединетите Нации од 1971 година.

- Со зачленувањето во Обединетите Нации ги прифативме принципите на оваа оргаизација и Повелбата на Обединетите Нации и обврските што произлегуваат од тоа. Во оваа Организација легитимен претставник на Кина и на кинескиот народ е Народна Република Кина. Со Резолуцијата што ја спомнав, во 1971 година, Тајван беше исклучен од Обединетите Нации.

- Република Македонија воспостави дипломатски односи со Народна Република Кина на 12 октомври 1993 година. Заедничкото комевике е депонирано во Обединетите Нации и има третман на меѓународен документ. Со него Република Македонија има преземено обврски околу признавашето на Владата на Народна Република Кина како единствена законска влада

на Народна Република Кина и Тајван како неделив дел од Народна Република Кина. Со истиот документ Владата на Република Македонија потврди дека нема да воспостави во било каква форма официјални односи со Тајван. Ова е во согласност со Резолуцијата на Обединетите Нации што веќе ја наведов. Таа формула што ние ја потпишавме ја потпишуват сите земји што воспоставуваат дипломатски односи со Кина, а они сега по број изнесуваат околу 16О.Овие принципи како и спремноста на Кина да ги почитуван независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија се содржани во заедничкото Коменике на Република Македонија и на Народна Република Кина што Претседателите на двете земји го потпишаа на 9 јули 1997 година во Пекинг.

Сега се поставува прашањето што е во сила? Владата на Народна Република Кина го изнесе својот став по одлуката од 8 февруари 1999 година за воспоставување дипломатски односи со Тајван и ги суспендира дипломатските односи со Република Македонија. Меѓутоа, во нашиот внатрешен правен поредок и во меѓународните организации, остануваат обврските што сме ги презеле порано како држава.

- Врз основа на извршеното признавање и воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Народна Република Кина се склучени пет билатерални спогодби кои имаат меѓународен карактер во различни области кои ова Собрание ги има ратификувано. Склучени се три меѓународни договори кои не се ратификуваат. Со размена на ноти спогодбено се преземени цел збир договори меѓу Народна Република Кина и Бившата СФРЈ, од страна на Република Македонија, по пат на сукцесија". Сите овие мегународни договори со нивната ратификација станаа дел од внатрешното право на Република Македонија. Тие неможат да се изменат со закон. Така наведува Уставот. Уште помалку тоа може да се направи со Одлука на Влада, или со потпис на еден министер.Тоа може да се направи единствено во постапка за нивно експлицитно откажување или на друг начин, кој мора да биде предвиден во

истите тоговори. Тоа во овој случај не е направено.

- Барајќи да се обратам пред Собранието на Република Македонија сакав да укажам на овие нешта и да ја истакнам неопходноста за почитување на уставните и законските норми и со нив пропишаната процедура. Зошто, се прашувам, процедурата не е испочитувана? Демократијата не е самоволие и анархија. Демократијата е доследно функционирање на правната држава која има воспоставено законски механизми за да може да ја остварува волјата на народот односно суштината и целта која ја има пред себе.

Собранието треба секогаш да ја исполнува својата уставна обврска од член 68 став 1 алинеја 17 и да врши политичка контрола над работата на Владата. Но својот збор во овој случај можат да го кажат експертите по уставно право. Претседателот на државата има генерално овластување од Уставот да склучува меѓународни договори. Правото на Владата се изведува на тој начин што се наведуваат областите во кои Владата на Република Македонија има право да склучува меѓународни договори, а се утврдуваат дополнително со закон. Тој закон е донесен и е наречен Закон за склучување, ратификација и извршување на меѓународните договори. Меѓутоа и во овој закон, во лчен 10 се наведува дека "кога по предлог за поведување на постапка за склучување на меѓународен договор одлучува Владата на Република Македонија со предлогот за водење на преговорите и со Нацртот на договорот се запознава претседателот на Републиката". Тоа во овој случај, за жал, не е направено, ниту во фазата на подготовките, ниту пред донесувањето на актот за признавање на Тајван, за држава, до ден денес не сум запознат со содржи-ната на документот со кој е извршено воспоставувањето дипломатски односи со Тајван. Не ми е ни позната содржината на економскиот договор ако таков постои, склучен во Тајпеј, иако писмено се обратив до претседателот на Владата, барајќи информација.

Ако беше се во ред со овој договор, ако тој навистина е од толкава полза за Републиката, како што неговите креатори го претставуваат, зошто беше потребна тајност зошто беше потребна тајност? Впрочем ако Македонија има реални шанси, а има потреба да воспостави економска и финансиска соработка со Тајван, зошто не е применет моделот врз кој со Тајван соработува целиот свет, но без дипломатски односи. Зошто претходно не се излезе во јавноста, да се изнесат, наводните аргументи за тоа, за огромната економска полза за Република Македонија, потег кој ќе направи пресврт во нашата економија, соработка која за македонските граѓани ќе значи среќа и развој. Ако е тоа така зошто претходно во јавноста не ги соочивме овие наводни аргументи со принципите и со обврските, па и со постојните закони? Дали Република Македонија е некакво или нечие приватно друштво, фирма, па да може некој нека де да реши со еден потпис, да задира во нејзините закони,во меѓународно преземените обврски, а со тоа и во нејзините држави и во нејзините државни и стратегиски интереси?

Донесено е решение со кое се откажавме од еден докажан пријател, како што е Народна Република Кина, која во најтешките моменти во нашето меѓународно оспорување, во ниеден момент не го доведе во прашање ни нашето суверено право да имаме држава, нација име и идентитет. Влетавме во неизвесност. За вакви решенија е неопходно претходно сериозно разгледување на сите аспекти од страна на компетентни органи, а не само нечија лична одлука,или одлука на мала неформална група луѓе. За тоа не знаеше Владата, колку сум информиран, не знаеше Собранието, не знаев ниту јас. Сите механизми на системот во овој случај се ставени на страна. Законите се напишани, за да се почитуваат, дами и господа пратеници. Институциите се поставени за да соработуваат, но и да вршат контрола едни на други и да не дозволуваат да се појават грешки.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (Продолжение)

Во овој Парламент премиерот Љубчо Георгиевски како впрочем и секој премиер ја изнесе својата политичка програма. Пред пратеничкиот состав должен е својата програма да ја изнесува и претседателот на државата и на Собранието да му дава отчет за својата работа. Во експозето на премиерот немаше ниту збор за Тајван, како што немаше ниту во изборните програми, иако сега некои велат дека за ова се преговарало уште од средината на 1997 година.Со кој мандат во чие име зад чиј грб. Дали премиерот знаел за можната зделка пред да ја изнесе својата програма во Собранието за која впрочем од вас пратениците и доби доверба? Ако знаел, тоа не му го соопштил на Парламентот. Тој пред овој пратенички состав изнесе политичка платформа која не навестуваше некоја поинаква надворешно политичка алтернатива на Република Македонија која

ќе значи извесно дефинирање на консенсуално прифатените стратегиски цели и интереси на државата. Ако пак не знаел а економскиот дел од неговото експозе наведува дека е така дали тој Владата, а со нив и сите ние стануваме заложници на политика и интереси на мала група луѓе која дејствува надвор од институциите на системот? Тоа не е во согласност со владеењето на правото. Затоа уште еднаш во ова мое обраќање инсистирам и барам од вас како највисок законодавен дом да се почитуваат уставот, законите и институциите на системот. Само така ние можеме да идеме натаму.

Си дозволувам да изнесам оценка: во овој момент во Република Македонија институциите на системот не функционираат така како што треба а нивните меѓусебни односи се нарушени. Затоа беше мојата констатација во јавноста дека во Република Македонија е извршен "мал државен удар". Настаните што следеа, само го птврдија тоа.

Влеговме во период во кој се покажаа сите слабости на една млада демократија која ниту е научена, ниту е подготвена да ги почитува процедурите кои се основа на демократијата.

Веднаш би потцртал дека Република Македонија не е во политичка криза поради кохабитација. Во моето годишно обраќање пред вас се обидов да понудам позитивен приод за соработка. Истакнав дека евентуалните наши различни политички погледи треба да ги сватиме како извонредна можност да погледнеме на нештата од повеќе страни за да донесеме решение во интерес на државата и граѓаните. Морам да кажам дека со премиерот Георгиевски во почетокот таква комуникација оствaривме и тоа за многу важни прашања. Можеби секогаш не успеавме да постигнеме потполна согласност, но разговаравме, разменувавме мислења. Одеднаш дојде предлогот на законот за амнестија, директно во Парламентот. Не се согласив со тој закон од принципиелни причини и го искористив моето уставно право да не го потпишам. Знаев, прет-поставува дека тоа ќе се случи по второто гласање, но требаше да се знае дека еден таков закон со значајни последици не може да се донесува на таков начин и без нужно преиспитување на сите аспекти што ќе уследат од неговата примена. Претпоставувам дека како одговор на тоа потоа дојде прекинот на неопходните комуникации со Вдадата а и од страна на претседателот на Собранието. Но Уставот во однос на ингеренциите на секоја од овие институции е дециден.

Потоа дојде Тајван. По Тајван по една корисна и успешна посета на Република Франција министерот за надворешни работи коментираше изјава на својот претседател, ставајќи ја во функција на свои партијски интереси, а оглушувајќи се од фактите. Тоа е врвна дипломатска неумешност кога поради ситни интереси се минимизира дипломски успех на сопствената земја.

Потоа следеше посетата на премиерот Георгиевски во Бугарија, за чија подготовка и исход исто така не бев официјално информиран. Обврските превземени таму ја обврзуваат целата држава, а и мене како дел од извршната власт. Затоа и тешко е да ги коментирам резултатите од оваа посета. Притоа морам да го кажам следното.

Пред се, би сакал да ја поздравам иницијативата и напорот на двете влади и да се направи прогрес во неразумно блокираните односи меѓу двете блиски, соседни земји, чиј клучен проблем беше од бугарска страна наметнатиот јазичен спор. Очекувам тие односи и соработка да бидат во взаемна корист на двете земји и двата народа.

Би сакал сега да се осврнам на две прашања кои побудија посебен интерес во јавноста. Прво не е точно дека формулацијата околу јазикот е официјален предлог на Република Македонија и дека сегашниот договор тоа го усвојува, според тоа не е ништо сторено што не било порано расправано и утврдено. Некаква слична формула, но не идентична навистина е изнесувана во разговорите, но не како официјален предлог. Тоа беа разни предлози од една и од друга страна со кои се бараше да се согледа каде е излезот од таа ситуација и што може да биде евентуално прифатено од двете страни. Нашата вистинска позиција околу јазикот и околу прашашето на малцинството е содржана во нашиот официјален предлог договор за пријателство, добро соседство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија што нашиот амбасадор во Софија официјално го предаде во бугарското министерство за надворешни работи во мај 1998 година. Но, за жал тој предлог како да не постои за двете влади и министерства. Се плашам дека сега прифатената формулација нема да го реши јазичниот спор. Напротив. Зашто, не може вака да се третира едно такво значајно прашање како што е идентитетот и името на

македонскиот јазик  едно од обележјата на нашиот идентитет, постаро и поскапо од секој устав, од секоја влада, од секоја партија од секој претседател и од секој поединечен интерес.

Овој принципиелен став се наоѓа во основа и на многу прашања што можат да се постават и во врска со делот од декларацијата што се однесува на толкувањето на член 49 од Уставот на Република Македонија. Владата, како впрочем и претседателот на државата не можат со своја изјава да го толкуваат Уставот. Зошто во тој дел од Декларацијата не е преземена истоветна обврска и од бугарска страна? Дали тоа значи дека Република Македонија признава дека до сега се мешала во внатрешните работи на Бугарија, кога се грижела за своето малцинство, а од сега тоа нема да го прави? Дали тоа значи од друга страна дека Република Бугарија и натаму единствено таа ќе го има правото да реагира за граѓани, дражвјани на Република Македонија кои се декларираат како Бугари, а Софија се чувствува повикана да ги штити? Зошто Бугарија не е повикана на нејзините меѓународни обврски во тој текст. И на крајот не се добива ли сепак впечаток дека некој неовластено се откажува од уставно гарантирана обврска, како и од правото според меѓународните договори и конвенции да се грижи за македонското национално малцинство во Пиринска Македонија. Но, реков содржината на декларацијата не ни е позната и засега само толку. Овде нема да ја коментирам и веста што ја слушнав преку телевизиската програма за енормнажа помош во наоружување што ни ја дала Бугарија а за што како врховен командант немам ни елементарни информации.

Натаму: во една од официјалните белешки од Министерството за надворешни работи се споменува и постоење на некаков (цитирам) "потпишан договор меѓу директорот на Агенцијата за обнова и развој на РМ Васил Тупурковски и (тогаш) алтернативниот грчки министер за надворешни работи Папандреу кој е во функција на натамошно унапредување на меѓусебната економска соработка". Исто така и од страна на грчкиот соговорник е потврдено дека (цитирам) "потпишаниот договор е од заеднички интерес и истиот го оцени како многу позитивен и добар.

Мене, почитувани пратеници, а верувам и вам, па и на нашатс јавност не ми е познато дека се водени вакви преговори и дека е добиено овластување за потпишување некаков договор. Со каква содржина е во која форма, во чие име, тоа се се прашања на кои треба да се даде одговор. Затоа побарав писмено од надлежното министерство фоицјално да ме известат. Одговорот од министерството и натаму го чекам.

Овие примери ги изнесов почитувани пратеници, бидејќи постигнатите договори ја обврзуваат Владата, го обврзуваат Парламентот, ме обврзуваат и мене како претседател на државата, ја обврзуваат државата во целост со сите нејзини институции. Затоа меѓусебната кородинација и соработка се повеќе од неопходни.  Инаку, во јавноста делуваме дисонантно, некоординирано, а пораката што ја праќаме и во државава, а особено надвор е дека станува збор за држава со повеќе политики, партнер во кој не може да се има полна доверба. Се губи на тој начин кредибилитетот на државата, а тој навистина е голем. Оваа држава  знаела да праќа пораки во светот декг е земја која држи до принципи, земја која по ниедна цена, па ни со условување како што беше тоа со ембаргата блокадите и слично не се откажува од тие принципи. Република Македонија беше земја која држи до својот збор и тоа беше нејзината сила. Ние ни по големината, ни по воената сила, ниту економската моќ не можеме да имаме влијание освен почитувајќи ги тие принципи на кои се засновува меѓународната пракса, право и Повелбата на Обединетите нации. И тоа не е ниту малку, ниту беззначајно за некои едноставно да се откаже од тоа моќно оружје во ваква меѓународна констелација. Дозволете уште малку да го задржам вашето внимание.

Ценев дека таквата криза во функционирањето на институциите е доволен повод да го свикам Советот за безбедност, особено што тоа ни се случува во момент кога целокупната меѓународна заедница е ангажирана да го реши конфликтот кој се одвива недалеку од нас, на Косово Политичките разлики треба да се оставаат настрана. Кога станува збор за крупни надворешнополитички прашања за безбедноста на земјата, вклучително за Косово, оваа држава не смее да има повеќе од еден став туку само еден став на Република Македонија до кој се доаѓа на начини како се градат ставовите во демократските држави. Значи тоа не може да биде ни став на нејзиниот претседател, на нејзиниот премиер, на некои  министри и политички партии. Сметам дека на Советот за безбедност треба отворено да

поразговараме за нашите слабости со цел да ги надминеме. Без оглед на различните пишувања во јавноста, седницата на Советот за безбедност беше конструктивна и беше можност да се разменат информациите и анализите што секој во својот домен од работа ги има, ги презентира. Советот за безбедност ќе ја одржи својата наредна средба онака како што е договорено. Да преминам малку на едно друго прашање кое сите најмногу не засега во овој период на време.

Република Македонија мора да има свој одговор *ма* случувањата во нејзиното соседство кои неизбежно ќе се рефлектираат и врз неа. Преговорите во Рамбуе се продолжени и за околу еден час ќе истече рокот што го иамат двете страни за постигнување договор. Република Македонија е витално заинтересирана на постигнување мировен договор за Косово. Воениот одговор, односно ударн на НАТО доколку согласност не се постигне не е решение. За нас исто така не е прифатливо ни барањето за независност на Косово а се залагаме за широка автономија и почитување на човековите права во оваа југословенска покраина. Република Македонија и досега го има јасно истакнато својот став: нашата територија не може да се користи за воени акции против некој нејзин сосед. Република Македониај ги поддржува сите напори на меѓународната заедница за изнаоѓање на мирољубиво решение на конфликтот. Оттука и нашата активна поддршка на мисијата на ОБСЕ и на НАТО. Но, во случај на потреба од дополнително разместување сили на НАТО во Република Македонија неопходен е нов договор надвор до постојниот што се однесува за мисијата за извлекување во кој прецизно би се дефинирале бројот на војниците , мандатот и времетраењето.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во однос на овие случувања, навистина беше ризична варијантата со признавањето на Тајван, а притоа да не се смета, (или лесно да се прима) можноста Народна Република Кина, како постојана членка на Советот за безбедност на Обединетите Нации, да стави вето на нашето барање за продолжување на мандатот на УНПРЕДЕП. Оваа мировна мисија во Република Македонија одигра голема превентивна улога и тоа сите го признаваат, вклучително и сите извештаи на Обединетите Нации за УНПРЕДЕП. Причините поради кои тој беше воспоставен, за жал, не се надминати. Границата со Сојузна Република Југославија и натаму е неодбележана. Со доаѓањето на пролетта повторно можеме да очекуваме зголемен бран на илегални преминувања на нашите граници, кпа и организиран шверц со дрога и оружје. Дури и да биде постигнат договор во Рамбује, мора да се смета на можноста на обиди за преминување на границата на бегалци, на групи незадоволни од постигнатата спогодба, а не се исклучени ни преминувања на вооружени групи. Што ќе значи тоа за Република Македонија, не треба посебно да го елаборирам.

Од ова место би сакал да испратам порака и да го изразам нашето очекуваше, очекување од официјален Пекинг, посебно од почитуваниот претседател Џијанг Ѕемин, да не го заборават длабокото пријателство што македонскиот народ го чувствува кон кинескиот народ, како и мојата лична почит и благодарност, а на случувањата со Тајван да гледаат како на една епизода која, сакам овде јавно да изјавам верувам дека некогаш ќе биде зад нас. Мисијата на УНПРЕДЕП и е потребна на Република Македонија, и таа не може да се замени со НАТО трупи, затоа што тие немаат мандат да се искачат на сите чуки на нашата граница спрема Југославија и спрема Албанија и да ја вршат таа мисија која овие трупи на Обединетите Нации ја вршат веќе неколку години успешно. Оваа мисија е потребна не само на нас, туку и на мирот и стабилноста на Балканот во целина. Се надеван дека за ова ќе го имаме кинеското разбирање, а тие во тој случај нашата благодарност.

Дами и господа пратеници,

Не би сакал да го злоупотребам ова мое обраќање и да зборувам подолго од планираното, иако токму во контекстот на воспоставувањето дипломатски односи со Тајван, би можел да се осврнам и на нашите стратегиски односи со Соединетите Американски Држави, но нашата позиција во Партнерството за мир и во однос на декларираната желба за полноправно членство во НАТО. Би спомнал накратко дека заборавивме на обврската што еден сојузник ја има, а тоа е да ги информира своите партнери за плановите и активностите што ги презема, особено ако тие влијаат врз некои тековни активности на Алијансата. Истовремено, само накратко би споменал дека воспоставувањето дипломатски односи со Тајван и начинот на кој тоа е направено, долгорочно ќе го одолговлекува влегувањето на Република Македонија во полноправно членство во Европската Унија. Тоа ќе влијае и врз нашите односи со Меѓународниот манетарен

фонд и Светската банка, како и со другите меѓународни организации и институции.

Со еден збор, мојата оценка е дека значајно е, или направен е обид подобро речено да се редефинира позицијата на Република Македонија на меѓународен план. Навидум не е отстапено од дефинираните стратегиски цели на државата. Но, сериозно се доведени во прашање оние принципи и цели на нашата надворешно политичка ориентација по кои беше Македонија препознатлива. Но, ова е тема која е во надлежност на Собранието на Република Македонија и оттаму негова обврска да расправа за тоа. Ако се понуди поинаков проект кој низ јавна и демократска расправа ќе го замени досега постојниот, а ќе биде во интерес на Република Македонија и на нејзините граѓани, спремен сум да застанам зад него. Но, во исто време, почитувани пратеници ве повикувам да не се откажувате лесно од она што оваа земја и овој народ досега го има постигнато. Тоа е придобивка што треба да се надоградува. Во надоградувањето има доволно простор за секоја влада, за секој поединец. Не мора да се руши, не мора да има драматичен дисконтинуитет, не мора секогаш и за се да се оди код почеток. Има многу нешта кои трпат критика и треба да бидат критикувани и изменети, но со цел да бидат исправени. Но, не треба едноставно да се отфрлаат.

Ова мачно искуство пред очите на нашата домашна јавност како и пред Меѓународната заедница, уште еднаш да кажам, нека биде поука за сите нас. И Собранието и Владата, односно партиите што како коалициони партнери ја сочинуваат, па и јас како Претседател, својот легитимитет го добивме на избори. Волјата на избирачите што го дадоа својот глас за нас треба да се почитува. Тие за тоас и се; напишани. Како што треба да се почитува Уставот и законите. Тие за тоа и се напишани, а се заедно во интерес на Република Македонија.

Ви благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров за неговото излагање.

Отворам расправа.

Кој бара збор?

Господинот Тито Петковски има деловничка интервенција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, мислам дека нема ниту една деловничка, ниту уставна основа за отварање на расправа после известувањето на претседателот. Ќе ги кажам причините.

Прво, во поканата за денешното известување на претседателот не стои дневен ред. Едноставно вие не известивте само дека претседателот на Републиката ќе го извести Собранието за прашања од неговата надлежност. Според тоа, не гледам никаква смисла на отварањето на расправа, бидејќи што Собранието ќе заклучи после отвара-њето на расправата. Едноставно нема точка на дневниот ред и не смее известувањето на претседателот да се сфати како експозе по точка на дневниот ред. Ова го темелам и врз основа на искуството што ова Собрание досега го имаше за овие осум години, било кога претседателот на државата да го известуваше Собранието за прашања од неговата надлежност, никогаш не се отварало расправа. Тоа е веќе искуство во спроведувањето на Уставот.

Втора причина, до колку се погледне Уставот, ако сакате и граматички да го толкуваме член 85. Таму стои дека претседателот на државата го известува Собранието. Значи, само го известува Собранието за прашања од неговата надлежност. Дури и најфлексибилно да го толкуваме, а не граматички, став 2 од член 85 се вели: Собранието може само да побара од претседателот на државата за ншери прашања да даде одговор, а никаква дискусија. Според тоа, ве молам, немојте да го кршите Деловникот, или Уставот. Ако вие сметате дека треба да има расправа, јас сакам да ве известам дека пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз нема да даде легалитет и легитимитет на кршењето на Деловникот и Уставот. Ве молам, господине претседателе, почитувајте го Уставот и Деловникот за доброто на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека премногу повикување на Устав и на Делов-ник во една ваква ситуација и не држи, бидејќи добро го проучии

Уставот и Деловникот и воопшто при вакви едни ситуации кога претседателот може десет пати да се обраќа и да доцира пред Парламентот, потребно е и да се одговори. Меѓутоа, јас мислам денеска да не водиме расправа, меѓутоа премиерот Љубчо Георгиевски сака даземе збор и само него ќе му дадеме збор на оваа седница.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, Уставот, законите и Деловникот не се нешто со што можеме да се пазариме, па ќе ги кршиме до пола, а нема сосема да ги кршиме. Ако нема расправа, тогаш нема расправа и во тој случај никој не може да земе збор. Ние имавме седница на Собранието токму по овие прашања на барање на пратеничката група на СДСМ. Тогаш имаше експозе господинот министер за надворешни работи Александар Димитров, тогаш можеше да земе збор и претседателот на Владата и било кој друг член на Владата, пратеник од Собранието на Република Македонија и тн. Може да се свика седница на Собранието по барање на Владата. Исто така, во тој случај да се расправа по оние точки кои ќе бидат предложени. Меѓутоа, Уставот на Република Македонија член 85 предвидува дека претседателот на Република Македонија може зда се обрати пред Собранието, да го извести за работи од својата надлежност и во тој случај не се отвара расправа, Собранието не донесува заклучоци. И бидејќи се гледа намерата на претседателот на Собранието повторно на мала врата да ја заобиколи процедурата, јас сакам да ве известам дека ако тоа се случи, ние како пратеничка група ќе ја напуштиме седницата на Собранието и нема да дадеме легитимитет на уште едно кршење на Уставот и на процедурата во оваа држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве мрлам, кога сме *веќе* кај процедурата, кога сме веќе кај Уставот и кога сме веќе кај Деловникот, навистина тие треба да се прочитаат. Во оваа ситуација ниту се прочитани, ниту некаде пишува тоа дека после вонредно излагање на претседателот на државата, а претседателот има едно редовно излагање еднаш најмалку на крајот на годината. Меѓутоа, во една ваква ситуација мислам дека Собранието и со Собранието во оваа ситуација претседателот раководи. Рековме на почетокот дека оваа е седница по која што ќе се води расправа. Јас сакам едно да напоменам, кога веќе господинот Бранко Црвенковски излезе и напомна, овде беа кажани многу тешки обвинувања, овде беа кажани обвинувања кои што навлегуваат и бараат да се почитуваат институциите на системот, тие биле нарушени. И поготово што претседателот на државата по веќе трет пат ни чита лекција дека сум ги узурпирал неговите уставни права, дека тој си ја одбрал политичката опција со која што е во судир со мнозинската политичка опција и сега сака да ги обландира своите политички погледи со некакво си нарушување на системот, што се тешки обвинувања, а во средиштето на тоа ме поставува мене како претседател на Собрание. Јас сакам само овде да кажам дека навистина една драматизација на ваквите политички опции и филување со некакво нарушување на системот на поделбата на власта, јас не можам да го прифатам, јас го отфрлам и јас ќе одговарам пред вас како пратеници. Но, ќе ве молам, ми се чини дека и претседателот ги има пречекорено своите овластувања. Тој не може да држи лекции на Парламентот, тој може да има корелации со Владата. Но, јас нема да дозволам се додека го уживам вашето мнозинство, или вашата доверба, јас нема да дозволам од оваа говорница да се читаат такви лекции, да се напаѓа интегритетот и да се напаѓа самостојноста на Собранието. Тоа е кршење на системот на поделбата на власта. Тоа е она што претседателот се обидува од оние убави времиња кога се се решавало во едно семејство и кога по однос на

системот на единството на власта кој што не е досега разработен целосно, односно е применет целосно, а не е разработен системот на поделбата на власта се обидува да закажува седници без да утврдува дневен ред, без да не информира. Кој е тој Парламент каде што може така да се однесува претседателот на Владата. Ако веќе така се обвинува, тогаш јас сакам и отворено да му кажам, тука е претседателот, а јас му кажав и во друга прилика. Отвори совет за безбедност, таму мислам дека ги расчистивме тие состојби. Повторно се отвараат. Ако се отвараат, тогаш ќе ве молам, не може сега, дојдете овде фрлете клевети и тн. и да си замине и да не се води воопшто расправа. Ќе ве молам, тука е во прашање и другиот крак на извршната власт и јас како претседател на Собрание му давам збор на премиерот Љубчо Георгиевски, а вие ако сакате можете да си одите. (Аплауз).

Пратеничката агрупа на СДСМ ја напушти седеницата.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Се согласувам со одредени забелешки кои беа дадени за одредени процедурални, неутврдени позиции кои беа изнесени од страна на претседателот на Републиката и од некои пратеници од опозицијата, меѓутоа морам да кажам на почетокот дека очигледно ова неутврдено до крај процедурално правило произлегува од тоа што претседатлот на Републиката ми се чини прв пат во овие девет години откако е претседател на Република Македонија го користи правото да свика седница на Парламент и да се обрати пред Парламентот надвор од она процедурално уставно дадено право да се обрати еднаш при крајот на годината. Така што, сите овие критики кои беа дадени спрема претседателот на Парламентот произлегуваат од тоа пгто очигледно во овие девет години овој чин со Тајван е најсериозниот чин кој е направен според оценката на претседателот, а расправата исто така никој не може да ни ја ускрати прво, со оглед на фактот дека навистина беа дадени, кажани тешки зборови и второ, со оглед на фактот дека никаде не запишано дека после обраќањето на претседателот немаме право на збор. Јас само ќе потсетам дека по она обраќање кое се случува редовно пред крајот на секоја година, пратениците не се јавуваат за збор после говорот на претседателот од џентлменска природа, а не затоа што некаде е запишано тоа. Овој пат очигледно претседателот не беше џентлмен во своето изнесување, така што не може да очекува ниту џентлменски однос од страна на Парламентот, а уште помалку од страна на Владата. Морам да кажам дека оваа сцена на настап многу ме потсетува на онаа сцена 1990 година кога си, дадов оставка од местото потпретседател на претседателот на Република Македонија. Се сеќавам дека и тоа беше многу кратко после изборите 1990 година кога во изборна кампаша од една страна одев јас како претседател на ВМРО-ДПМНЕ на кампањите и освоив 39 пратеника, господинот Глигоров одеше со кампањите на тогашниот СКМ и освои 31 пратеник. Значи мнозинството на народот беше на наша страна 1990 година за жал власта беше узурпирана. Зошто ме потсетува на оваа сцегна? Затоа што се наоѓаме во иста позиција на двајца соговорници.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (продолжение)

Зошто ме потсетува на оваа сцена? Затоа што се наогаме во иста позиција на двајца соговорници, дискутираме за различни теми, а повторно народот го кажа својот глас. Ние излегуваме од едни завршени избори каде народот јасно се определи, јасно гласаше за опцијата за промени, јасно гласаше против опцијата на претседателот на Социјалдемократски сојуз така што мислам дека во тој поглед кога се зборува за узурпирање на некои права и 1990 и 1998 година треба да се појде од онаа доверба која ја дава народот.

Мене ми е жал што ние на оваа седница можеме да констатирам дека има длабок процеп меѓу двете гранки на извршната власт тоа е Претседателот на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Мене ми е навистина жал затоа што ако ја следите политиката на

луѓето од оваа Влада од пред изборната кампања, после изборната кампања, оваа Влада и овие луѓе лидерите на коалициите ни со еден збор не го чепнаа интегритетот на Претседателот на Република Македонија. Напротив, во сите свои говори, во сите свои настапи се обидуваа да бидат максимално коректни иако тој не беше толку коректен. Напротив. Многу јасно се изјасни на која страгга ќе биде во таа кампања. И покрај тоа таа опција пропадна на изборите.

Значи, ние со ниту еден чекор не направивме нешто да го иритираме односот или да го нарушиме односот Претседател на држава Влада, токму одговорни за онаа позиција која ја имаме за оваа држава. За жал, ударите почнаа да доаѓаат еден по еден. Првиот беше оној најкарактеристичен, тоа беше ударот на Законот за амнестија каде што и тогаш доживеавме тешки политички квалификации, ова е удар на политичкиот систем, на правниот систем, не знам какви квалификации кои можеби беа поблаги за еден степен од оние кои сега ги имаме за Тајван. Очигледно после тоа уследија три чекори еден по еден каде пртседателот го изнесува своето несогласување. Сега тука доагаме до таа принципиелна позиција на институцијата Претседател на Република Македонија.

Јас морам да потсетам дека длабоко сум убеден дека претседателот при својата дискусија поаѓа од едно негово морално право кое тој го имал во изминатите осум девет години, а не од уставното и законското право. Која беше таа позиција во изминатите осум девет години. Ние знаеме дека Република Македонија јасно е дефинирана како парламентарна држава, а во парламентарната држава извршната власт е во рацете на Владата. Тоа што претходната Влада и претходниот премиер се однесуваа како малолетни граѓани спрема институцијата Претседател (дискудијата е пропратена со бурен аплауз) и што за секое прашање одеа на консултации кај него, тоа е морално затекнато право, тоа не е уставна категорија ниту законска обврска на оваа Влада. Најверојатно тој период за нив бил идеален. Затоа имавме Влада без некој посебен карактер, затоа имавме министри без посебен карактер, за сите работи се консултираа и добиваа амин од Претседателот. Се извинувам, повторно ќе потенцирам, сме парламентарна држава, власта е и во извришата власт во Владата на истиот тој начин како што е во Грција Германија, Англија, Италија, и да не ги набројувам сите други парламентарни држави, погледнете ги системите како функционираат таму. Се знае што е парламентарна власт.

Република Македонија во својот Устав ни за јота не е повеќе претседателска држава, отколку што се тие држави. Токму заради тоа ние после овој говор на претседателот сакаме јасно да ја браниме нашата уставна позиција. Република Македонија е парламентарна држава, во Република Македонија, извршната власт е сконцентрирана во рацете на младата и Владата нема потреба за секое прашање да се консултира кај Претсеадтелот на Републиката или кај некоја друга институција во Република Македонија. Владата е одговорна не пред претседателот на Републиката, Владата е одговорна пред Парламентот на Република Македонија и пред граѓаните кои гласале и ја избрале таа Влада. Јас се надевам дека тоа еднаш за секогаш ќе биде расчистена ситуација, понатаму во нашата држава. Ако некогаш се решиме да правимне претседателски систем или полу претседателски систем ќе го смениме Уставот, ќе ја измениме позицијата и ќе разговараме на тој начин кој ќе ни го диктира Уставот. Таа намера, таа суета многу карактеристично се гледа при донесувањетс на Законот за амнестија. Претсеателот е навреден затоа што никој не се консултирал со него. Па, Ве молам, читајте ги уставите, прочитајте ги законите, кажете ми една запирка каде што Владата требало или Парламентот да се консултира со Претсеателот за донесувањето на Законот за амнестија, а слично е и со другите потези. Уставот е повеќе од јасен во таа димензија.

Меѓутоа, очигледно, како што рече претседателот на Парламентот овие политички разлики кои се појавија меѓу претседателот на државата и Владата и парламентарното мнозинство во овој Парламент не можеме да го толкуваме на ни еден друг начин освен со можноста за давање на една обланда, на една рамка во која ќе дејствува, за жал, претседателот на Републиката и покрај тоа што ние од наша страна направивме, ги направивме сите напори партиските разлики, партиското членство во две различни партии да го направиме колку што можеме помалкум мегутоа, за жал од страна на претседателот тоа не е прифатено.

Беа кажани тешки зборови на навреда спрема Владата, односно спрема членовите на Владата. Јас тоа го доживувам како напад спрема целата Влада, затоа се

чувствувам повикан во името на сите нив да одговорам и ќе се задржам на некоја од тие разлики. За Законот за амнестија не сакам да се задржувам многу и понатаму само ќе кажам Република Македонија никогаш не беше во таква ситуација со ослободување на двајца затвореници да добие толку многу на меѓународен план и да добие толку многу на планот на мегуетничката хармонизација. Тоа секогаш ќе го бранам, тоа е така. Погледнете го настанот од тогаш до денеска *ќе* видите дека во Република Македонија никогаш немало поголем степен на меѓуетничка хармонизација меѓу масите одколку по донесувањето на тој потез и се она што се случуваше со тој потез. Разликите нека останат, ние го донесовме тој став, тој функционира, тој се покажа како успешен и мислам дека навистина не сме грешиле во тоа.

Вториот момент е главниот момент, тоа е Тајван, признавањето на Тајван.

Прво, апсолутно би ги отфрлил исто така обвинувањата дека министерот за надворешни работи направил некој самостоен чекор од едноставна причина, затоа што и Уставот е премногу јасен, имаше соодветна одлука за негово овластување на потпишување на договор пред неговото заминување, потоа Владата ја потврди информацијата односно договорот, после тоа имавме прифаќање на информацијата од страна на Парламентот така што навистина ако сака некој може да бара правни простори, меѓутоа, Владата е комплетно покриена затоа. Меѓутоа, она што треба да се каже во оваа дискусија Претседателот на државата, проблемот на признавањето на Тајван го издигна како прв проблем не за оваа година, не за овие 80 дена, за осум девет години владеење наназад во Македонија. Едноставно ако се потсетиме добро Претседателот на Република Македонија во ниту еден момент наназад години ниту еден проблем не го издигна на толку големо ниво, како што беше меѓународното признавање на Тајван. Јас се согласувам дека тоа може да ни нанесе одредени штети на Република Македонија на релацијата со Кина и ние сме длабоко свесни кога се направи тој чин. Мегутоа, ајде да се потсетиме на сите овие осумдесет години наназад. Ова ли е најстрашниот чин во кој се бара специјално обраќање на телевизија специјална седница на Советот за безбедност, дури заканување со вонредна состојба или денешната седница на Парламентот. Јас претходно реков на почетокот претседателс ниту еднаш во своите два мандати до сега не го искористи своето право да свика посебна седница на Парламентот, а знаеме што се случуваше во овие осум девет години наназад. Токму тука доагаме до мотивот кој неколку пати е кажан, а очигледно се има потреба да се каже уште еднаш. Доколку мотивот на признавањето на Тајван е економски, тој е економски крик на Република Македонија да се соочиме со тешката економска ситуација која ја наследуваме и еден крик на надеж дека на овој народ може да му се даде брзо извлекување од оваа сиромаштија во која се потонати сите, а нема друга посериозна перспектива за излез. Доколку претходната Влада и претседателот кој стоеше цело време зад таа Влада ни оставија просек од 500 илјади ДМ или 1000 марки месечна плата, доколку ни оставшја наместо 45% невработеност, 15% невработеност, доколку наместо земја со најмал број на странски инвестиции имавме барем приближно колку Албанија странски инвестиции во Македонија, ние немаше да го направиме тој чекор. Мотивот, кога ме запозна господинот Тупурковски со таа идеја, а не требаше премногу да ме убедува затоа што билансите беа пред мене, беше многу јасен економската катастрофа која ја наследивме од претходната Влада. Кои бројки повторно да ги повторуваме, дали буџетските дефицити, дали празните фондови.

Првото што побарав фондот е да ги вратиме 10% наназад на пензионерите затоа што претходната Влада ги има покачено10% во предизборна функција.

Втората работа, информација дека здравствениот фонд е должен 90 милиони марки. Луѓето кога одат да купуваат лекови во аптеките не прашуваат и не сакаат да размислуваат дека некој пред Вас Ви оставил 90 милиони ДМ празен фонд, туку бараат лекови. Која друга сфера да ја погледнеме секаде катастрофа на Република Македонија. Тоа е таа политика.

Пирамидалните штедилници, тутунарите, на кои сфери да се навраќаме во овој живот, пропаста на комплетниот металуршки комплекс во Република Македонија. Дали се тоа работи кои ги направи новата Влада на Република Македонија? Напротив. Тоа се работи кои многу добро знаеме кој ги направи, а ние само се затекнавме тука во оваа ситуација да ја свикаме, да ја видиме колку е црна состојбата во Република Македонија и да понудиме еден брз излез.

Колку треба да чека овој народ за да мрдне од оваа економ-ска беда. 15, 20

години. Напротив, ние шансата преку Тајван ја гледаме во една ефикасна на кратки стази од година до години подигање масовно на стандардот на граганите на Република Македонија и најверојатно ако не успееме во тој проект како секоја одговорна Влада ќе си заминеме ако видиме дека резулратите не се тие што ги очекуваме. Меѓутоа, тоа е политика на која се одредивме и на која градиме цела проекција. Оптимисти сме дека преку таа проекција ке успееме.

Кога зборуваме за Тајван нема други полиотички мотиви, нема други економски мотиви. Едноставно катастрофата која ја наследуваме е онаа што не натера да го направиме тој чекор. Токму заради тоа придавањето на Тајван како настан од првостепено значење е навистина несериозно затоа што во овој момент погледнете ја ситуацијата, се зборува за сериозен пад на меѓународниот углед на Република Македонија. Па, за кој пад зборуваме ние на меѓународниот углед на Република Македонија? Дали зборуваме за земја која за целиот свет се вика Бивша Југословенска Република Македонија. Дали за меѓународниот углед зборуваме кога нашите граѓани освен во три земји не можат да отидат без виза во ниту една друга држава.Која свера на таа меѓународна ситуација да ја погледнеме, па да речеме дека нешто сме сериозно нарушени. Напротив, сето тоа го нема.

Меѓутоа, јас сум длабоко уверен дека Тајван и се она што се случуваше околу Тајван е една наметната малку вештачки подигната пресија преку која, за жал, морам да кажам дека се прави дури и обид не само на дестабилизација на Владата, туку и посериозен удар на Владата. За жал, имаше и такви изјави, навестувања, за жал имаше и неколку конкретни потези во таа насока и мислам дека навистина ако зборуваме за несериозност, тоа е токму тоа со вон институционални средства да се нарушува и да се руши интегритетот на една Влада која ја има длабоко поддршката од Парламентот.

Меѓутоа кога сме тука исто така морам да кажам дека очигледно проблемот не се задржува само на Тајван. Првиот удар беше на Тајван, меѓутоа пред тоа имаше Закон за амнестија, сега имаме подобрување на односите со Бугарија. Очигледно дека се работи за една комплетна различна позиција на претседателот и неговото чувство да не може да и дозволи на Владата да ја креира политиката на начин како што смета дека треба да креира. Можеби е најкарактеристичен примерот дека се измислуваат проблеми, проблем е најновото стабилизирање на односите со Република Бугарија. Претседателот го искажа својот став и по ова прашање на негово спротивставување. Став за кој јас можам да кажам односно чин за кој се изјасни позитивно американскиот Стејт Департмент, господинот Стоунс Талбот посебно даде изјава за поддршка на таа иницијатива, Германското министерство за надворешни работи, вчера Европската унија добивме поддршка заради нормализирање на односите со Република Бугарија, сабајле добивме од Велика Британија воодушевување од храброста и чинот на нормализирање на односите меѓу двете држави.

Кој е тој на кој може да му пречи нормализирањето на еве држави на Балканот посебно кога станува збор за односи кои ги имале државите Македонија и Бугарија. Меѓутоа, господине претседателе, верувајте дека јас бев максимално како премиер, претпазлив и се осигурав двојно или тројно затоа што знаев дека што и да направиме ние, Вие ќе имате против. Кое е тоа осигурување? Начинот на кој ние го потпишавме документот е официјални јазици македонскиот јазик според Уставот на Република Македонија, бугарски јазик според Уставот на Република Бугарија е предлог кој произлезе од старата Влада. Вие велите дека не бил официјален документ. Јас не знам дали бил официјален или неофицијален документ, меѓутоа, дој документ го има и во Министерството за надворешни работи на Република Македонија а е архивиран и во Министерството за надворешни работи на Република Бугарија. Во тој документ кој го правел 1996 година министер бил господинот Фрчковски. Дали Вие сте учествувале во таа процедура значи и претходната Влада очигледно не Ве консултирала за се, тоа се јасно дадени позициите на Република Македонија со пет предлога. Предлогот кој денеска го избира бугарската страна е петтиот предлог. Според зборовите на господинот Фрчковски тие биле подготвени да го потпишат тој документ, меѓутоа Вие во последен момент сте ја пресекле работата и на тој начин пропаднал тој договор и на тој начин сме добиле уште неколку години застој на односите меѓу двете држави.

Меѓутоа, сега незнам што Вие сакате да кажете и од опози-цијата го слушам господинот Ѓорѓи Спасов или незнам кој, тоа е документ кој е излезен од

Министерството за надворешни работи, тука е тој документ и сега кој други приказни можеме да ги кажуваме Вашата претходна Влада има утврдено дека тоа е согласно со националните интереси на Република Македонија. Ние не измисливме некоја друга формула отколку онаа која претходната Ваша Влада ја има понудено и за тоа се запознаени и дури американците, и тие го имаат тој предлог. Сега во што е нашата вина? Што правиме чекор кој другите не можеле да го направат, односно што Бугарска страна се прифаќа таа добра работа да ја завршат со нашата Влада. И наместо да се гордееме што премиерот на Република Бугарија кажа македонски јазик во нивниот Парламент, наместо да се гордееме што потпишуваат документ на македонски јазик, и еднаш за секогаш го симнуваме тој спор во односите меѓу двете држави, ние повторно сега наоѓаме некои други причини и некои други мани. Правете ги анализите колку што сакате, документите се тука присутни, јас верувам дека тогашната Влада, документот го предал сегашниот амбасадор Огнен Малевски, си има јасна процедура како оделе тие преѕчзварања тогаш.

Вториот момент на кој се запирате е се откажуваме од малцинството. Па, Ве молам, од таа Декларација која има десет члена и во која Декларација има јасни и прецизни гаранции за Република Македонија по сите основи се задржувате само на еден единствен член кој трагедијата да биде уште поголема тој е два пати поублажен член одколку она што Вие го потпишавте во привремениот договор со Грција, ми се чини член 6. Земете ги двата члена член 6 од Привремениот договор со Грција, овој член од оваа Декларација, ќе видите дека она што ние го потпишавме со Бугарија е два пати поублажена варијанта од колку она што Вие го напишавте пред две години, кога ние тогаш како опозиција Ве обвинувавме дека тој член значи откажување од нашето малцинство во Грција, Вие бевте тој кој дававте три толкувања на тој член 6 дека не е тоа тоа, туку дека е нешто друго.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Ние тогаш како опозиција ве обвинувавме дека тој член значи откажување од нашето малцинство во Грција дека Вие бевте тие кои дававте три толкувања на тој член, дека не е тоа тоа, туку дека е нешто друго. Како може сега за истиот член да се даде две толкувања. Ја имаме истата позиција и према Грција и према Бугарија по тоа прашање. Меѓутоа, тука веќе доаѓаме и до една принципиелна работа. како ние ќе се бориме за правата на нашите граѓани? Дали преку фронтовска борба. Таа е онаа разлика што ја имаме. Јас сметам дека Република Македонија конечно треба да научи дека со фронтовска борба поминатите 80 години нема добиено ништо. Сега по пат на европските принципи верувам дека ќе добиеме нешто повеќе. Јас Ве убедувам дека македонците во Грција никогаш немале повеќе права отколку сега. И Ве убедувам дека македонците во Бугарија исто така немале повеќе права отколку сега.

Кога зборуваме за тоа малцинство во Бугарија, постојано се фиксираме за една организација 0М0 Илинден.Како намерно да сакаме да создаваме одредена конфорнтација. Зошто никој во Република Македонија не коментира дека во Република Бугарија во овој момент има регистрирано триорганиазции: 0М0 Правда, ВМРО Ослободителна на претседателот Горѓи Солунски и Македонско здружение Светилник. Три организации кои во својата програма пишуваат за македонски етникум, пишуваат за македонска нација. Зошто тоа што бугарската Влада го дозволила да се прави не сакаме да го издигнеме на високо ниво и да кажеме еве таму има три легални организации кои се регистрирани, туку се фаќаме постојано за една организација. Зарем не е тоа малку системски нарушувања.

Впрочем, јас ќе кажам и една друга работа. Јас сметам дека тука има едни принципиелни разлики. Карактеристичен е примерот на однесувањето на поранешниот амбасадор на Република Македонија во Бугарија. Погледнете го неговото однесување од неговата служба во Софија.Јас Ве уверувам дека 200 години наназад да ја вртите светската дипломатија, не можете да најдете амбасадор кој бил пратен од една земја во друга држава, а после неговото враќање да фрлаат дрва и камења против таа држава во кој била амбасадор. Тоа Македонија единствено го прави. Тоа го кажувам од една друга позиција. Каква била политиката на Република Македонија према Република Бугарија. Ако г-динот Спасов е тој што го гледаме сега , мислам дека нема разлика и кога бил амбасадор во Софија. Тоа е основната разлика. Вие не може-те во една држава да пратите амбасадор, кои априори е насочен против таа држава. Тука станува збор за политика. Тоа е она што ние се разликуваме и дозволете, противни

мислења, ние немаме намера уште 30 години тука да имаме ситуација на заладени односи, на воени односи, постојано да се плашиме, ние правиме позиција на безбедност во Репуб-лика Македонија. Има ли поголем пример на безбедност на Република Македонија од добрите односи со оваа држава. Тоа не е наша ексклузивна политика. Тоа сакаме да го направиме према сите држави и према Албанија, и према Грција и према Југославија, за жал, тука сме малку спречени од некои меѓународни ситуации меѓутоа, повторно она што можеме да го покажеме како позитивно кон Југославија исто така го правиме преку економијата, преку отворените граници, преку договор за слободна трговија, така што позитивната енергија ја даваме према сите четири држави и длабоко сум оптимист дека тие проблеми ќе ги решиме. Можам да Ви кажам дека и со Грција сум убеден дека ќе ги решиме проблемите.

Во таа насока, Вие се аздржавте на еден момент, Ви

пречи доенсувањето на оружјето кое јас вчера го објавив 150 тенкови и 150 артилериски оружја. Незнам како да го кометирам тој Ваш однос Велите дека не сте знаеле. Што треба сега да направиме.

Барањето на оружје од државите е принципиелен став на оваа Влада. Има многу минситри, има многу советници кои присуствувале на моите разговори и со сите земји членки на НАТО. Јас барам оружје од сите. Барам и од американците, и од германците и од француземите , нема држава од која една од точкит ене е барање на воена помош на Република Македонија. Некој дава, некој поскромно, некој повеќе, меѓутоа даваат. Сега за тоа треба ли Вас да Ве информирам. Исто така за подготовките на овој настан . Преку бугарскиот амбасадор ја пратив пораката дека ќе барам една од точките на дневниот ред да се помогне македонската армија со оружје. Тоа беше единствената подготовка која јас ја испратив до Софија. Кога г-динот Костов ми го даде одговорот дека тие ќе помогнат со 150 тенкови и со 150 артирелиски орудија, што требаше јас да на-правам? Да ги одбијам, да ги вратам назат? Ве молам, јас не сакам да размислувам во таа политика. Впрочем, ако ни пречи вооружувањето, ако ни пречи вооружувањето на македонската армија, не е доцна и сега да ги вратиме. Кажете ќе се изјасниме, не ни треба оружјето, со оние пушки што ги имавме досега со нив ќе продолжиме понатаму. (Аплауз). Впрочем ако јас не се лажам на Советот за безбедност минатиот пат ако нешто заклучивме , заклучивме македонскат армија под итно технички да се опреми. Што значи тоа? Ако не го добиевмо ова како подарок ние од нашиот буџет сега требаше да купуваме оружје за истата таа армија на Република Македонија, зашто тоа е заклучок на Советот за безбедност. Тоа што го направија од нивна страна, јас навистина са-кам да го гледам двојно. Прво како финансиска помош, пазете, тоа е некаде 15 години Македонија да откупува оружје со ова темпо што денеска го имаме во Република Македонија околу 10 милиони долари.15 години треба да купуваме оружје за она што за еден ден го добивме завчера.

Втора работа , зошто на тоа оружје не гледаме од политички аспект. Зарем политичкиот аспект не е мал на целата оваа ситуација. Според тоа, 45 години во комунистичка Југославија децата во своето образование се подготвуваа секој ден да чекаа воена агресија од Бугарија. После транзицијата и со доаѓашето на СДСМ ситуацијата не беше многу изменета,горе долу беше иста. Повторно цел свет зборува главниот проблем Ви е од Југославија, од Северот, ние се браниме против Бугарија. Добро, и тоа го прифаќам. Меѓутоа, ако во една таква ситуација некој Ви дава оружје во толку голема количина , можеме да *гу.* прцениме политичките моменти на тој момент. Прво, тоа е последен доказ дека нам не ни се подготвува војна агресија од таа страна. И еднаш да ја скршиме таа шема дека постојано некој треба да не нападне од Бугарија. Еве тие не наоружуваат буквало до заби и значи ако утре не нападнат тие ќе се браниме и против нив. Што е поголемата безбедност и самостојност на една држава отколку армијата да Ви биде комплетирана со воено-техничка опрема.

Втората димензија, да не Ве потстувам, ние имавме југословенска армија коај ја сметавме за наша, за која дававме пари. Таа југословенска армија преку ноќ го однесе целото оружје од Република Македонија, не знаеме каде. Една армија која ја сметаме цело време непријателска ни дава оружје. Што е проблемот во тоа. Повторно со сигурност се доаѓа во една ситуација дека со Бугарија мора да се измислуваат проблеми. Постојанонекој нов проблем мора да се раѓа. Сега проблемот ќе биде зошто ни дале оружје. Навистина, неможам да ја сватам таа позиција на една искомплексираност према Република Бугарија. Јас 8 години зборувам и ова малку повеќе е од потребно затоа што повторно гледам удар баш во таа

насока. Јас како човек немам комплекси према Бугарија. Знаете ли зошто? Затоа што произ-легувам од една класична просрпска фамилја. Мојот дедо бил единствен српски џандар во Делчево. И го немам јас тој комплекс према Бугарија. Сега каде се комплексите на другите? Еве слушаме 1943 година сте потпишале дека сте благонадежен булгарин за да ја добиете адвокатската канцеларија во Скопје. (Аплауз) Меѓутоа, Ве уверувам дека немаме потреба од комплекси. Ние сме самостојна независна држава. Кој е луд да размислува Македонија да стане нешто друго освен самостојна држава. Зошто ни се потребни комплексите и према Југославија и према Грција и према Бугарија. Тоа е тој дух во кој ние се разликуваме. Таа е таа политичка разлика коај ние ја имаме не од вчера, 8 години ја имаме таа политичка разлика. Јас не гледам тука проблеми на некое драмати-зирање. Меѓутоа , мора да се прифати дека оваа Влада го има мандатот од Парламентот од граѓаните на Република Македонија. И конечно, Вие се обидовте да префрлите дека оваа Влада узурпира нешто , дека оваа Влада решава кај двајца луѓе или буквално на некој начин дури создава тоталитарна држава. Јас Ве убедувам дека ние досега во овие чекори направивме многу мерки за да докажеме дека ќе се градиме и ќе се придржуваме кон тоталитарната демократија. Меѓутоа, јас ќе Ве пот-сетам на некои Ваши чекори, за да се потсетиме сите ние заедно , кој Македонија ја тераше во тоталитарен правец. Ќе Ве потстам 1990 година дека уставноне го дадовте мандатот на најголемата партија во Република Македонија. Ќе Ве потсетам дека во 1991 година надвор од сите барања на граѓаните на РМ и најголемата политичка партија, постојано ги праќавте регрутите да се борат за спас на тогашната Југославија. 50 жртви имаме во тоа време и стотици инвалиди кој никој не сака да ги спомне во оваа држава. Ќе Ве потсетам дека се боревте до крајниот ден за Југославија и покрај тоа што мнозинството во Парламентот зборуваше за самостојна Македонија. Ќе Ве потсетам на многу други елементи, затоа што беа демонстрациите во 1994 година, кога дадовте анред ба на тогашната макеоднска армија да се подготвува да пука против сопствениот народ, затоа што се демнострира. Конечно ќе Ве потсетам за промената на името на оваа држава и знамето. Сите ние се сеќаваме. Излеговте Вие вечерва и рековте од утре оваа држава ќе се вика БЈРМ, а ова знаме ќе го смениме и ова ќе Ви биде новото знаме. За која демократија зборуваме? За кој тоталитарен систем Ве молам? Да се обвинува оваа Влада дека оди во недемократија, на тоталитарна држава и на сите оние насоки за кој Вие зборувавте , мислам дека се поминуваат некои граници и мислам дека навистина она што гоправите Вие по малку се меша со еден насилен обид на симнување на оваа Влада. Мене ми е жач што ние тоа го имаме во Република Македонија, меѓутоа , многу работи што ги направивте од моментот ког абеше објавен Тајван, дури и пред тоа Законот за амнестија , покажуваат дека претседателот има амбиција некако оваа Влада да ја исфрли од колосек, има амбиции комплетно да ја дестабилизира и мислам дека дури некои мерки и изјави навистина, се пвоеќе од јасни во таа насока. Она што јас сакам да го порачам како премиер на оваа Влада е повторно она со што и почнав. Ние знаеме дека вашите разлики кои Вие ги изнесувате во поглед на коалицијата за промени и новата Влада на РМ се многу поразлични од оние кои се по изворни совласта на СДСМ.Меѓутоа, Ве молиме да ја почитувате волјата на граѓаните. Граганите масовно гласаа за промени. Ако граганите сакаа да ја подржат претходната Влада, тие ќе гласаа за нив. Имавме најжесток притисок на избори, имавме најголем број на пари фрлени, имавме најголема пресија преку медиумите, имавме Ваше залагање и изјави да гласаат за другата страна, сето тоа граѓантие не го послушаа.

Граѓаните ја избраа оваа Влада и јас Ве уверувам дека ние ако не успееме со некои од овие проекти, ние сме одговорна Влада. нема да чекаме 4 години, ќе си дадме оставка. Ако резултатие со Тајван не ги видиме во една блиска иднина, нема да размислуваме многу. Меѓутоа, ние тоа го даваме како една голема шанса на македонскиот граѓанин и јас верувам дека таа шанса ќе успее.Токму заради тоа, ние сакаме да дозволите да работите по принципот и Уставот на Република Македонија. Ние имаме своја политика, имаме свои идеи , ние имаме своја поддршка и во Парламентот , и надвор од Парламентот, и нема потреба од никакви специјални хајки , во кој Вие ќе учествувате вособорувањето на оваа Влада.

Трета работа. Имаше една приказна дека оваа Влада ќе трае 100 дена. Немојте да се вклопувате во таа приказна. Едноставно да покажеме колку знаеме и умееме. За 100 дена никој не покажал колку знае и колку умее. Ако некој се обидува од страна на опозицијата по демократски пат, по демократски средства,

нека дозволи. Меѓутоа, да се инспирираат и на мини пучови во Министерството за внатрешни работи, со индирекна поддршка , мислам дека се сериозни работи. Токму заради тоа , оваа седница денеска не можеше да помине само со една дискусија , затоа што ние сакаме отворено да ја искажеме нашата загриженост за демократските процеси во Република Македонија.Денеска во Европа нема ниту една држава со вонредна состојба. Европа не е она што е Азија и Африка, Европа си има свои демократски правила на игра и ќе Ве потсетам на зборовите на Демирел кој многу ми оставија вепчаток. "Опозицијата во целиот свој гнев и без против власта,не треба никогаш да заборави каде се границите и каде е границата на државниот интерес 8 години овие луѓе беа опозиција. 8 години во целиот нашгнев и беспротив претходната Влада и ваков претседател,ние знаевме секогаш каде е границата. Она што го бараме сега од новата опозиција во Република Македонија е истото тоа.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Она што го бараме сега од новата опозиција во РМ е истото тоа. Во целиот свој без и гнев, дури и да имаат чувство дека ако дојдат тие инвестиции од Тајван тие ќе ги изгубат и наредните избори, можеби и третите избори после тоа, треба да си знаат каде им е границата. Јас знам дека тоа предизвикува без, посебно резултатите кои ќе дојдат со овој проект дека ќе бидат, навистина, простор за беснеење на опозиционите лидери и нивните подржници. Меѓутоа, границата мора да се знае. Каде е црвената линија на државниот интерес во кој сите ние треба да се најдеме.

Конечно, јас би сакал да ја испратам мојата последна порака од оваа дискусија, јас верувам дека она што се случуваше во последниов месец, вклучувајќи ја иоваа седница ќе биде малку несимпатичен период во односот меѓу двете институции, претседател на држава и Влада и парламент, верувам дека повторно заеднички ќе седнеме и ќе ги решаваме националните интереси на РМ.

Верувам дека повторно ќе го покажеме она што го сака од нас Европа и, како што рековте вие, ќе има една македонска политика по оние крупни, стратешки проблеми.

Тука, сега се сетив отпосле, вие рековте дека овој чекор со Тајван ќе ја успори позицијата на РМ во членството на Европската унија. Јас неможам да го прифатам ова алиби, затоа што документот Агенда 20 00 беше затворен минатата година. Во тој документ Агенда 2000 точно се знае кои земји како ќе се движат спрема Европа. Македонија ја нема на тој пат за Европа. ТАка што, нешто што е направено со претходната власт, да не префрлуваме на новата власт. Ние бевме тие кои ја обвинуваа кои претходната Влада дека не направија ништо да се приближиме кон Агенда 2000 и дека останавме надвор од европските текови. Она што правиме ние сега е да направиме нешто невозможно, да го отвориме затворениот документ и ако можеме да влеземе некако преку сила, односно со некоја добра волја.

Инаку, документите се затворени и она што сега се случува, ниту повеќе ќе го одложи, ниту повеќе ќе го забрза нашиот процес кон ЕУ Документите се завршени од минатата година, така што овој чекор сега неможе да биде алиби. Впрочем, еден од мотивите зошто е направен о вој чекор е тој малку игнорантски однос на некои европскидржави спрема РМ, кој е перманентен во овие 8-9 години а кои не успеавме досега да го поправиме. Ние ќе работиме и сега да го поправиме, меѓутоа, не прифаќам алиби дека тоа е алибито за нашиот од спрема Европа. Тоа е строг утврден дневен ред. Ние ги правиме сите сили да го скршиме тој документ, да отвориме една мала врата да влеземе во тој документ, а ако не успееме, повторно тоа не е наша вина.

Навистина, верувам дека стратешките интереси на оваа држава ќе останат оние што биле и досега. Верувам дека ќе се прифатат уставните позиции. Верувам дека ќе се соработува. Впрочем, политичари к ои се одговорни за една држава немаат право на суета. Јас никогаш во овие 8 години не сум имал суета, се надевам дека и вие нема да имате суета, меѓутоа, некои работи мораше да се кажат, затоа што почувствувавме дека некои работи одат свесно со еден несимпатичен удар против Владата, кој е надвор од уставните принципи и правилата на демократијата во Европа.

Ви благодарам. (Френетичен аплауз)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, му благодарам на премиерот г-динот Љупчо Георгиевски на излагањето.

Ја заклучувам 12-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 15,оо часот)